РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), Секретарот на општина Гази Баба ја донесе следната

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 04-4094/8
08.06.2023 год.
СКОПЈЕ

**ОДЛУКА**

**за неизбор на кандидат за вработување по јавен оглас**

1. НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР на кандидат на работното место Раководител на одделение за спроведување на урбанистички планови, Одделение за спроведување на урбанистички планови, Сектор за урбанизам и градежно земјиште по јавниот оглас број 124/2023.
2. Оваа одлука се објавува на интернет страната на Агенцијата за администрација.
3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување.

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

На ден 12.05.2023 година во дневните весници, „Вечер“ „Нова Македонија“ и „Коха“ како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен Јавен оглас за вработување на државен службеник во Општина Гази Баба за работното Раководител на одделение за спроведување на урбанистички планови, Одделение за спроведување на урбанистички планови, Сектор за урбанизам и градежно земјиште -1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со Решение бр.10-995/3 од 16.05.2023 година донесено од страна на Директорот на Агенцијата за администрација.

Комисија спроведе административна селекција за административниот службеник и состави записник под бр. 10-995/4 од 29.05.2023 година, по што утврди дека нема пријавено ниту еден кандидат со тоа и нема уреден кандидат. Поради тоа постапката е завршена во оваа фаза и не продолжува во следната фаза.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ISO 9001:2015 CERTIFIED
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

Поради погоре наведеното, Секретарот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација- Комисија за одлучување по жалби и проговори на административните службеници во втор степен.

**Доставено до :**
**-кандидатот**
**-Агенција за администрација**
**-персоналното досие**
**-архива**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Секретар**
**Невенка Стаменковска Стојковски**

Изготвил:
Сања Димовска
Одобрил
Влатко Лакордов